Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022
2023

# Извадок на дел од дневни настани 19.12.2023

На 18.12.2023 полициски службеници од Секторот за внатрешни работи Струмица ги лишиле од слобода И.Г.(41) и Т.Г.(41) од село Просениково, струмичко. При претрес на нивниот дом, извршен со судска наредба, била пронајдена и одземена марихуана. За настанот бил запознаен Јавен обвинител од Основното јавно обвинителство Струмица. По документирање на случајот ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 18.12.2023 во 15.00 часот на подрачјето на Карпош, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Н.С.(28) од Скопје затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 19.12.2023 во 02.50 часот на булевар „Гоце Делчев" во Прилеп, полициски службеници од СВР Битола-ОВР Прилеп го лишиле од слобода Д.Р.(19) од Прилеп затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По документирање на настанот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 18.12.2023 во 22.00 часот на улица „Даме Груев" во Охрид, полициски службеници од СВР Охрид го привеле Е.Б.(20) од Охрид затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на настанот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 18.12.2023, поради сомнение за сторено кривично дело „убивање или уништување на заштитни видови на дива флора или фауна", казниво по член 232 од Кривичниот законик, а по наредба од Основен суд Прилеп, полициски службеници од СВР Битола - ОВР Прилеп извршиле претрес во домот на Н.З.(60) во Прилеп, при што пронајдени биле 19 птици од сортата трнан и цајзли, кои биле предадени во Државен инспекторат за шумарство и ловство на РСМ. По документирање на настанот против лицето ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 18.12.2023 во 10.39 часот во СВР Куманово, А.М. пријавил дека во неговиот двор во населба Ајдучка чешма во Куманово пронашол неексплодирана рачна бомба од Втора светска војна. Екипа од СВР Куманово извршила увид, а бомбата била безбедно подигната од пиротехничар од Дирекцијата за заштита и спасување за понатамошна постапка.

На 18.12.2023 во 20.00 часот во с.Канатларци, полициски службеници од СВР Битола - ОВР Прилеп кај Д.И.(48) пронашле и одзеле околу 60 парчиња распрскувачки ракети. По документирање на настанот против лицето ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 18.12.2023 во 19.40 часот на Граничен премин „Деве Баир", полициски службеници го лишиле од слобода Е.А.(46) од Република Турција. При пасошка контрола и проверка било констатирано дека на увид приложил фалсификувана меѓународна зелена карта за осигурување. Тој бил предаден на полициски службеници од Полициската станица Крива Паланка за понатамошна постапка.

Во текот на вчерашниот ден (18.12.2023) Министерството за внатрешни работи спроведе засилена акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на возила кои се движат со брзина поголема од дозволената, при што санкционирани се 142 возачи. Од нив четири возила се движеле со брзина над 50 километри на час повеќе од дозволеното, а едно возило се движело со дури над 70 километри на час повеќе од дозволената брзина. Притоа 71 возило ја пречекорило брзината во населено место, а 71 надвор од населено место.

Секторот за внатрешни работи Скопје во текот на вчерашниот ден (18.12.2023) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територија на град Скопје изречени се 115 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 16 санкции, шест мерки за возење без возачка дозвола, осум санкции за минување на затворен сигнал (црвено светло)...

На 18.12.2023 во 11.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека на ул.„1" во с.Миладиновци, скопско, патничко моторно возило „фолксваген голф" со скопски регистарски ознаки, управувано од С.Д. (40) од Скопје, удрило во Р.А.(80) од с.Миладиновци, скопско. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил пешакот, констатирани во Комплексот клиники „Мајка Тереза" Скопје. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

На 17.12.2023 во 15.40 часот во СВР Тетово е пријавено дека на магистралниот пат Гостивар-Кичево, во близина на отворените сепарации – каменоломи, се случила сообраќајна несреќа во која учествувале патничко моторно возило „фолксваген голф" со тетовски регистарски ознаки, управувано од 24-годишниот тетовец Б.Б и патничко возило „фолксваген пасат" со гостиварски ознаки, што го управувал 34-годишниот гостиварец Е.Х.. Во несреќата, возачот на возилото „голф" Б.Б. се здобил со тешки телесни повреди, а сопатникот од возилото „пасат" С.С.(33) од Гостивар со телесни повреди, констатирани во Комплексот клиники „Мајка Тереза" во Скопје. На местото на несреќата увид извршила екипа од СВР Тетово.

На 18.12.2023 во 12.10 часот во ОВР Македонски Брод, М.П.(69) од с.Крапа пријавил дека во кругот на ЈЗУ- Македонски Брод бил нападнат од куче скитник.

На 18.12.2023 во 15.00 часот во Полициската станица Центар, В.М.(55) од Скопје пријавил дека на ул.„Орце Николов" во Скопје бил каснат од куче скитник.

На 18.12.2023 во 20.30 часот во Полициската станица Аеродром, Д.Б.(40) од Скопје пријавил дека на кејот на река Вардар во Скопје бил каснат од куче скитник.

На 18.12.2023 во 14.30 часот во Полициската станица Гази Баба, А.Ј.(51) од Скопје пријавил дека на ул.„Јани Лукровски" во Скопје бил каснат од куче скитник.

Денеска (19.12.2023) во 12.10 часот на подрачјето на Карпош, полициски службеници од Оперативен тим потраги при СВР Скопје го лишија од слобода А.Ј. (28) од Скопје. Тој бил баран по централна потерница, врз основа на наредба од Основен кривичен суд Скопје, за издржување казна затвор од три години и шест месеци за сторено кривично дело по член 237 став 3 во врска со став 19 од Кривичниот законик. Лицето е предадено во Полициската станица Карпош, по што ќе биде спроведено во надлежна казнено-поправна установа за издржување на казната.

СВР Велес поднесе кривична пријава против Ј.А.(30) од Кавадарци поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет наркотични droги, психотропни супстанци и прекурзори". На 24.07.2023, полициски службеници извршиле претрес во домот на пријавениот, при што пронашле и одзеле марихуана, амфетамин и кокаин.

СВР Скопје – Единица за недозволена трговија поднесе кривична пријава против малолетник од Скопје поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори". На 22.06.2023, полициски службеници извршиле преглед на пријавениот, при што пронашле и одзеле марихуана.

СВР Скопје – Единица за недозволена трговија поднесе кривична пријава против Д.Г.(26) од Косово поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори". На 26.03.2023, полициски службеници извршиле преглед на пријавениот, при што биле пронајдени и одземени таблети МДМА.

ОВР Дебар поднесе кривична пријава против С.Р.(28) од Скопје и В.И.(22) од Куманово поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „запуштање и малтретирање дете". Тие ја запоставиле својата должност за грижа и воспитување и ги запуштиле своите малолетни деца, кои на 24.11.2023 на улица „1 Мај" во Дебар биле затекнати при питачење.

На 18.12.2023 на подрачјето на СВР Штип спроведена е акциска контрола на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. За време на контролата биле констатирани 25 прекршоци од кои 19 надвор од населено место и 6 во населено место. Санкционирани биле и 19 други видови на прекршоци, од кои 5 за управување возило без возачка дозвола, 2 за нерегистрирано возило, 3 за некористење сигурносен појас, 3 за користење мобилен телефон и 6 за непрописно паркирање.

На 19.12.2023 во Охрид, полициски службеници од СВР Охрид ги лишиле од слобода Л.Ј.(25), К.М.(34) и Х.Т.(69), сите од Република Албанија. Тие се сомничат дека заедно со уште едно лице на 18.12.2023 околу 23.00 часот пред куќа на булевар „Железничка" во Охрид, физички го нападнале А.Д.(31) од Охрид, кој го познавале од порано. Притоа, А.Д. се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во болницата „Св.Еразмо". Се работи на расчистување на случајот, по што против нив ќе биде поднесена соодветна пријава.

Полициски службеници на СВР Тетово, вчера (18 декември) од 08.00 до 14.00 часот спровеле акциска контрола на возила кои вршат јавен превоз на патници, претежно автобуси и комбиња. При контролата, откриени и санкционирани биле 1 возило со неисправни сопирачки, 1 со истечена регистрација, 5 со неизвршен вонреден технички преглед и 1 со недостиг на потребната опрема, сите на гостиварското подрачје. На возачите-прекршители изготвени им се предвидените поднесоци, додека 2 од возилата веднаш биле исклучени од сообраќајот. Во рамките на вчерашната контрола, исто така, санкционирани се и 14 други видови сообраќајни прекршоци (ТЕ-3 и ГВ-11).

На 18.12.2023 во 14.20 часот во СВР Скопје, 37 - годишна жена од Скопје пријавила дека на подрачјето на Центар, нејзиниот 33-годишен брат од Скопје физички ја нападнал. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 18.12.2023 во 23.30 часот во СВР Скопје, од Комплекс клиники „Мајка Тереза" било пријавено дека кај нив со повреди било донесено женско дете од Кичево. Полициски службеници извршиле службен разговор со неговата мајка, која изјавила дека детето се здобило со повредите при пад при детска игра. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 18.12.2023 во СВР Скопје било пријавено дека околу 13.20 часот во автобус на ЈСП на подрачје на Аеродром, малолетник од Скопје бил физички нападнат од неколку други малолетници. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 18.12.2023 во 22.40 часот во СВР Скопје било пријавено дека на подрачјето на Гази Баба, по претходна расправија, бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу Е.М.(27), М.М.(21), С.М.(47) од една страна и А.А.(24) и А.А.(26) од друга страна, сите од Скопје. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 18.12.2023 во 21.47 часот во СВР Скопје било пријавено дека подрачје на Гази Баба било пронајдено повредено едно лице. Полициски службеници излегле на местото и било констатирано дека се работи за Д.Н.(45) од Скопје, кој пријавил дека бил физички нападнат од две лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 18.12.2023 во 12.30 часот во Полициската станица Карпош, од Јавна установа за згрижување на деца било пријавено дека од установата се оддалечил нивниот штитеник Д.Д.(16) од Скопје, кој и претходно се оддалечувал и бил враќан. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

Денеска (19.12.2023) во 02.45 часот во СВР Скопје, И.Н.(27) од Скопје пријавил дека во казино на подрачјето на Центар бил физички нападнат од две лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 18.12.2023 во 18.30 часот во СВР Скопје, В.С.(47) од Скопје пријавил дека во основно училиште на подрачјето на Ѓорче Петров, по претходна расправија, неговиот малолетен син бил физички нападнат од негов соученик. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 19.12.2023 во 01.25 часот во СВР Скопје, од Итна медицинска помош било пријавено дека во Стара скопска чаршија констатирале смрт без видливи траги на насилство кај машко лице. Полициски службеници излегле на местото и било констатирано дека се работи за А.Т.(58) од с.Чегране, гостиварско. Според пријавеното, додека се движел со негова позначничка му се слошило, по што паднал и починал. По наредба на јавен обвинител, телото на починатиот било дадено на обдукција.

Денеска (19.12.2023) во Полициската станица Чаир, А.Б. од Скопје пријавил дека од неговиот дом се оддалечил неговиот син Б.Б.(23) од Скопје, кој имал здравствени проблеми и за кој претпоставува дека отишол во Косово. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 18.12.2023 во 14.40 часот во ОВР Македонски Брод, Р.А.(64) од Македонски Брод пријавила дека во кругот на ЈЗУ- Македонски Брод била нападната од куче скитник .

На 18.12.2023 во 19.00 часот, во ОВР Македонски Брод, В.М.(51) од Македонски Брод пријавила дека во кругот на ЈЗУ- Македонски Брод била каснат од куче скитник.

На 18.12.2023 во 20.20 часот,во СВР Битола, Д.М.(37) од Битола пријавила дека во с.Кравари била касната куче скитник.

На 18.12.2023 во 15.30 часот во СВР Тетово, 90-годишниот Е.М. од гостиварско Дебреше пријавил дека на улица „137" во Гостивар бил каснат од куче скитник.

На 18.12.2023 во 11.50 часот во Полициската станица Центар, О.А.(45) од Прилеп пријавил дека во близина на Железничката станица во Скопје бил каснат од куче скитник.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Струга поднесе кривична пријава против В.Б.(31) од Скопје поради постоење основи на сомнение за сторено за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори". На 25.07.2023, полициски службеници извршиле преглед на пријавениот, при што пронашле и одзеле кокаин.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Ресен поднесе кривична пријава против Н.Ќ.(28) од Ресен поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни сустанци и прекурзори". На 17.03.2022, полициски службеници извршиле претрес во домот на пријавениот, при што пронашле и одзеле марихуана и дигитална вага.

СВР Битола поднесе кривична пријава против Ј.Г.(26) од с.Житоше, прилепско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „овозможување на употреба на наркотични дроги и психотропни супстанции". На 23.12.2022 во Прилеп, пријавениот бил затекнат со уште едно лице во возило, при што кај него била пронајдена и одземена марихуана.



Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет